Граѓанскиот ресурсен центар има чест да ве покани на дебатата „ **Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество**“, која ќе се одржи на **4 септември** 2024 година (среда) со почеток од 10 часот во просториите на **Граѓанскиот ресурсен центар,** Скопје.

Пријави се!




Развиено граѓанското општество придонесува за зајакнувањето на демократските вредности и ја поттикнува граѓанската свест. За да можат граѓанските организации да одговорат ефикасно на општествените предизвици и потребите на граѓаните, потребна е функционална соработка со Владата и институциите. Во тек е спроведување на четвртата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024), која треба да обезбеди поттикнувачка и одржлива околина за непречено функционирање и независно делување на граѓанските организации. Само ваквите организации придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурниот дијалог.

Со овој настан би поттикнале дискусија и за спроведувањето на Стратегијата, функционирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, државното финансирање за граѓанските организации и низа други релевантни прашања. Заклучоците од дебатата ќе се фокусираат на следните потребни чекори и активности важни за зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанските организации.

На дебатата се поканети претставници од граѓанските организации, државните институции, донаторската заедница и други релевантни чинители.

За повеќе информации и пријавување учество посетете ја објавата на ГРЦ